РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Бр. 44-10763/1
16.10 2020 год.
Скопје

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20___ год.
Потпис.

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19), министерот за култура го донесе следното

# УПАТСТВО
## за начинот на користење на безготовинските картички за гориво, признавање на трошоци за плаќање на надоместок за употреба на пат (патарина) и признавање на трошоци за такси превоз за службени потреби

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот на користење на безготовинските картички за гориво на Министерството за култура, признавањето на трошоците за плаќање на надоместок за употреба на пат (патарина) и признавањето на трошоци за такси превоз за службени потреби, од страна на вработените во Министерството за култура.

### Член 2

Министерството за култура располага со патнички моторни возила и истите исклучиво се користат само за службени потреби.

Начинот на користење, управување и одржување на службените патнички моторни возила е уредено со Упатството бр.43-11459/1 од 16.09.2009 година за начинот на користење, управување и одржување на службените моторни возила со кои располага Министерството за култура.

## II. НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА БЕЗГОТОВИНСКИТЕ КАРТИЧКИ ЗА ГОРИВО

### Член 3

Министерството за култура располага со безготовински картички за гориво, кои се издадени од страна на економски оператор со кого е склучен

Договор за набавка на гориво, за службените моторни возила на Министерството за култура.

Безготовинските картички за гориво се издадени и поврзани со регистарскиот број за секое посебно службено моторно возило, сопственост на Министерството за култура.

Безготовинските картички се користат одговорно и исклучиво за службените моторни возила и за службени потреби, и неможат да се користат во употреба на други моторни возила и за приватни потреби.

За начинот на користење и употребата на безготовинските картички за гориво се води посебна евиденција од страна на вработен во Министерството за култура, кој има решение за одговорно лице на возниот парк на министерството.

Одговорното лице на возниот парк, задолжително составува записник во кој го запишува бројот на безготовинската картичка која се користи и се дава на користење на друг вработен во министерството, името и презимето на вработениот на кого му е дадена на користење безготовинската картичка, денот на давање и враќање на безготовинската картичка.

Член 4

Возачите и други службени лица вработени во Министерството за култура кои имаат овластување од министерот за култура за управување со моторните возила на Министерството за култура, при полнење на гориво на бензинската пумпа со користење на безготовинската картичка за гориво, задолжително ја пријавуваат регистарската таблица на службеното моторно возило и моментална километража на возилото при точење на гориво.

Вака издадената сметка со компјутерски внесените податоци, возачот односно вработениот од Министерството за култура е должен да ја потпише со целосно име и презиме и краток потпис и во рок од 5 дена да ја достави во сметководството на Министерството за култура.

Сметководството на Министерството за култура пред да изврши уплата на фактурата издадена на име на Министерството за култура за потрошено гориво, врши контрола на доставената сметка од страна на вработен во делот на потполност на податоците со издадената фактура.

Доколку се констатира дека доставената сметка е нецелосна или неточна со податоците од фактурата, истата се враќа на вработениот и неможе да се изврши исплата по однос на истата.

Член 5

Безготовинската картичка за гориво која што е издадена на име на Министерството за култура и не е поврзана со регистарски број на службено моторно возило, се користи и употребува во исклучителни ситуации и тоа со

претходно одобрение на министерот кој раководи со Министерството за култура и потпишан патен налог за управување со службено моторно возило на министерството за кое ќе се употреби оваа картичка.

Барањето за точење на гориво со безготовинската картичка која гласи на Министерството за култура, потребно е да биде изготвено со содржина како во Образецот 1 кое е во прилог на ова Упатство и е составен дел од истото.

## III. ПРИЗНАВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УПОТРЕБА НА ПАТ (ПАТАРИНА)

### Член 6

Трошоците за плаќање на надоместок за употреба на пат (патарина) се признаваат како трошоци на вработен кој користи службено моторно возило за службени потреби, единствено со поседување на валиден патен налог потпишан од страна на министерот за култура.

По завршувањето на патувањето за службени потреби, од страна на лицето кое користи службено моторно возило, потребно е да го потполни патниот налог со следните податоци, и тоа:

- краток извештај за службеното патување;
- почетна и крајна километража и изминати километри;
- да приложи патни сметки (фискална сметка од патарина) кои претставуваат основа за трошоци.

Вака потполнетиот патен налог, лицето кое користело службено моторно возило за службени потреби, потребно е во рок од 7 (седум) дена по завршувањето на службениот пат, со целосно име и презиме и краток потпис да го достави до сметководството во Министерството за култура.

По извршената проверка и контрола од страна на сметководството во Министерството за култура и одобрувањето на извршените патни трошоци, истите вработениот ќе ги подигне од благајната на Министерството за култура.

## IV. ПРИЗНАВАЊЕ НА ТРОШОЦИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ТАКСИ ПРЕВОЗ ЗА СЛУЖБЕНИ ПОТРЕБИ

### Член 7

Трошоци за користење на такси превоз за службени потреби од страна на вработените во Министерството за култура, се признаваат единствено во следните случаи:

- кога нема слободно или исправно службено моторно возило во Министерството за култура, а од природата на службеното патување истото не може да се одложи;
- за користење на такси превоз од Скопје до Меѓународниот Аеродром – Скопје и обратно, за реализирање на службено патување во странство, после работното време на Министерството за култура.

Вработениот кој користел такси превоз, сметката за користење на такси превоз ја доставува на одобрување до сметководството на Министерството за култура со следните пополнети податоци:

-причина за користење на такси превоз;

-извршена релација на превоз од-до;

-име и презиме и краток потпис;

По извршената проверка и контрола од страна на сметководството во Министерството за култура и одобрувањето на извршените трошоци за такси превоз, истите вработениот ќе ги подигне од благајната на Министерството за култура.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 8**

Секое непочитување и спротивно постапување на одредбите од ова Упатство од страна на вработените, претставува повреда на работните задачи и дисциплина и за истото ќе се покрене дисциплинска постапка во согласност со Законот за административните службеници и други прописи.

**Член 9**

Ова Упатство влегува во сила со денот на неговото донесување.

**МИНИСТЕР**

**Ирена Стефоска**

Доставено до:
-Вработените;
-Архивата;
Изработил:м-р Кристијан Јорданов, помлад соработник
Согласен: Бранко Костовски, Раководител на сектор

Образец 1

**Архивски број:**
**Датум:**
**До: Кабинет на Министерот за култура**

**ТУКА**

**Предмет:** Барање за точење на гориво со Безготовинска картичка која гласи на Министерство за култура;

**Почитувани,**

**За потребите на Министерството за култура, Ве молиме да се одобри точење на ____(тип)______гориво со безготовинска картичка која гласи на име на Министерството за култура, во количина од __________ литри, а заради ____(кратко и прецизно образложение од кои причини е потребна соодветната набавка)________________.**

Со почит,

Подносител:
____(да се наведе секторот/одделението)________
____(да се наведе име и презиме и потпис на барателот)________

**ОДОБРИЛ**
**МИНИСТЕР**

__________________